Врз основа на член 106, член 107 и член 108 од Законот за основното образование (Службен весник на РМ бр. бр.161/19 и 229/20), и од Статутот на ООУ „ Ацо Шопов“– Скопје, Наставничкиот совет на состанок одржан на 19.12.2023 ја донесе следнава

**ПРОЦЕДУРА**

за орган на управување на основно училиште

**Член 1**

Со оваа процедура се уредува начинот за избор членови во училишен одбор во ООУ „ Ацо Шопов “– Скопје.

**Член 2**

Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.

**Член 3**

Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

**Член 4**

На седниците на училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

**Член 5**

Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

**Член 6**

Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

**Член 7**

Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

**Член 8**

Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 9**

Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање.

**Член 11**

Претставниците на родителите односно старателите ги избира Советот на родителите со тајно гласање.

**Член 12**

Претставниците на училишната заедница се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година.

**Член 13**

Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште, родителите односно старателите во училишниот одбор на училиштето и на претставниците на училишната заедница се утврдува со статутот на училиштето.

**Член 14**

Училишниот одбор на основното училиште:

- донесува статут на основното училиште,
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството,
- донесува Развојна програма на училиштето,
- предлага финансиски план до основачот,
- предлага завршна сметка до основачот,

- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, - врши интервју со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор,
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

**Член 15**

Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

**Член 16**

Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата.

Скопје, 2023 година

Директор:
Билјана Симоноска Антовска